26144

11891.

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 2 март 1980 год. ● стр. 11

# ТИВКА АРАБЕСКНА ПОЕТИЧНОСТ

**● Кон изложбата на Ана Темкова во Центарот за култура и информации во Скопје**

НА СВОЈАТА САМОСТОЈНА изложба во Центарот за култура и информации во Скопје, Ана Темкова се претставува со дела направени последните десет години, со што заокружува еден тематски циклус. Во своето дело таа ги синтетизира наклонетостите за интерпретација на мотивот низ призмата на сопственото доживување, за арабеската и за вредностите на традиционалното сликарство. Централно место во платната на Темкова заземаат мотивите на староградската и средновековно-црковната архитектура, кои со екстернерот прават една органска целина базирана на котрастирање на правилните и разбрануваните органски форми. Сите објекти што го привлекуваат нејзиното внимание добиваат извесни хуманизирани атрибути.

Темкова ги задржува реалните карактеристики на мотивот но го подредува бараниот ритам и композиционата рамка на сликата како автономна целина. На тој начин таа преку мотивите на архитектурата и ентериерот дава портрет на својата интима. Темкова е свртена кон редот и чистотата на класичната уметност, обидувајќи се просторите на старата архитектура и ентериер да ги насели со својата интима. Нејзиниот поетски реализам содржи елементи на носталгичност, романтичност и на мистичност изразена со нагласеното присуство на белата боја.

Сепак, во овие дела има повеќе меланхоличност и осаменост отколку емотивност. Уметноста секогаш би ла синтеза на рационалното и емотивното што е постигнато и во овие дела, со превладување на една нота на промисленост и потреба за пренагласено орнаментирање. Тоа во некои дела доведува до еден вид „фигуративна апстракција".

ТЕМКОВА НА СВОЕТО дело му втиснува сопствен печат изразен преку солидната сликарска постапка што се потпира врз добрите традиционални вредности и карактеристичната поетичност со која ги проткајува мотивите на старата архитектура и ентериер. На тој начин нејзините платна станаа препознатливи и значат придонес во контекстот на современата македонска уметност. Темкова го одржува континуитетот и извесната херметичност во своето создавање без значителни издвојувања и пробиви надвор од она што веќе го постигнала.



**Ана Темкова: Прозорец, 1977**

**Владимир Величковски**